ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен парничен суд од судијата Лорета Тодорова како судија поединец, решавајќи по Предлог за издавање на привремена мерка, поднесен од предлагачот Петре Арсовски од Велес, против противникот Зоре Арсовски од Велес, вредност 4.980.364,00 денари, на рочиштето по предлог за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување, на ден 16.09.2024 година, во присуство на полномошникот на предлагачот адвокат Петар Ефремов од Велес и старател во посебен случај на противникот Зорица Босилкова дипломиран правник вработена во ЈУМ ЦСР Велес, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Процесното решение на записник од 15.04.2024 година на Основен суд Велес ВПП2.бр.15/24 од 15.04.2024 година заради определување на старател во посебен случај на противникот-должникот, како и Решението на ЈУМ ЦСР Велес бр.1002-418 од 22.04.2024 година со кое за староетел во посебен случај на лицето Зоре Арсовски од Велес, е одредена Зорица Босилкова, вработена во ЈУМ ЦСР Велес СЕ ОТПОВИКУВААТ .

На противникот Зоре Арсовски од Велес, за привремен застапник во постапката ВПП2.бр.39/24 му се назначува адвокат Горан Николовски од Велес.

За назначувањето на привремениот застапник без одлагање да биде известен ЈУМ ЦСР Велес, да биде издаден Оглас што ќе се објави во Службен Весник на РСМ ,преку огласна табла на судот и на веб страната на судот .

О б р а з л о ж е н и е

Пред овој суд поведена е постапка по предлог на предлагачот Петре Арсовски од Велес, против противникот Зоре Арсовски од Велес, вредност 4.980.364,00 денари, за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување.

Од страна на судот со процесното решение на записник на Записник ВПП2.бр.15/24 од 15.04.2024 година, беше донесено Решение заради определување на старател во посебен случај на противникот-должникот Зоре Арсовски од Велес, од причина што согласно Известувањето на МВР-СВР Велес, ПС-ОН Велес рег. бр.23.23.5.1-69-363/2 од 12.04.2024 година утврдено е дека истиот е надвор од територијата на РСМ, во Германија, со непозната адреса, а воедно во евиденцијата на МВР--СВР Велес, истиот ја нема одјавено адресата на живеење на ул.Лазо Трпковски бр.9 во Велес,па од причина што живеалиштето, односно престојувалиштето на противникот е непознато, а истиот нема полномошник, по барање на судот од страна на ЈУМ ЦСР Велес, со Решение бр.1002-418 од 22.04.2024 година за старател во посебен случај на лицето Зоре Арсовски од Велес, беше одредена Зорица Босилкова, вработена во ЈУМ ЦСР Велес .

Од страна на предлагачот беше изјавена жалба против решение на овој суд ВПП2.бр.15/24 од 22.05.2024 година,по однос на која од страна на Апелационен суд Скопје е донесено решение Гжбр.2095/24 од 11.07.2024 година, со кое жалбата е уважена а првостепеното решение ВПП2.бр.15/24 од 22.05.2024 година е укинато и предметот е вратен пред првостепениот суд на повторно одлучување, со дадени напатствија од повискиот суд за постапување при повторното одлучување.

Од страна на повискиот суд беа дадени напатствија околу суштествена примена на одредбите од ЗПП, односно чл.75, 76 и 77 од ЗПП, а во врска со назначениот старател во посебен случај на противникот-должникот Зоре Арсовски

од Велес.

Во повторената постапка судот се обрати со ургенција до МВР СВР Велес заради проверка на околноста дали должникот го одјавил своето живеалиште и каде истиот сега се наоѓа, а од страна на РСМ МВР БЈБ СВР ПС ОН Велес до овој суд е доставено известување рег.бр.22.23.5.1-69-764/2 од 16.09.2024 година во кое е наведено дека извршиле проверка за живеалиште за противникот-должникот на пријавената адреса ул.Лазо Трпковски бр.5 при што од изврешната проверка на терен имале сознание дека истиот живее надвор од територијата на РСМ во Франција на за нив непозната адреса ,а во нивната евиденција го нема одјавено живеалиштето на горе наведената адреса и нема пријавено друга адреса на живеење и престој, лицето не е достапно на органите на прогон

Согласно чл.76 ст.1 од ЗПП Ако во текот на постапката пред првостепениот суд се покаже дека редовната постапка околу назначувањето на законски застапник на тужениот би траела долго, па поради тоа за едната или за двете странки би можело да настанат штетни последици, судот ќе му назначи на тужениот привремен застапник. Според ст. (2) Под условот од ставот (1) на овој член судот ќе му назначи на тужениот привремен застапник особено, ако: 1) тужениот не е парнично способен, а нема законски застапник, 2) постојат спротивни интереси на тужениот и на неговиот законски застапник, 3) двете странки имаат ист законски застапник, 4) живеалиштето или престојувалиштето на тужениот е непознато, а тужениот нема полномошник и 5) тужениот или неговиот законски застапник, кои немаат полномошник во Република Македонија, се наоѓаат во странство, а постои опасност доставувањето да се одолговлекува. Според ст.(3) За назначувањето привремен застапник судот без одлагање ќе го извести Центарот за социјална работа, како и странките кога тоа е можно.

Согласно чл.77 ст.1 од ЗПП (1) Привремениот застапник во постапката за која е поставен ги има сите права и должности на законски застапник.

Согласно чл.77 ст.2 од ЗПП тие права и должности привремениот застапник ги врши се додека тужениот или неговиот полномошник не се појави пред судот, односно додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека поставил старател.

Согласно чл.33 ст.1 од ЗОП, привремена мерка за обезбедување на парично побарување може да се дозволи ако доверителот го стори веројатно постоењето на побарувањето и опасноста дека без таква мерка должникот ќе ја осуети или значително отежне наплатата на побарувањето, со тоа што својот имот, односно своите средства ќе ги отуѓи, прикрие или на друг начин ќе располага со нив. Согласно ст.2 од истиот член доверителот не мора да ја докажува опасноста ако стори, веројатно дека со предложената мерка должникот би претрпел само незначителна штета. Во ст.3 од истиот член е уредено дека се смета дека опасност постои ако побарувањето би требало да се оствари во странство.

Судот ценејќи ги напатствијата на повисокиот суд, во врска со примена на чл.76 и чл.77 од ЗПП, а од причина што согласно известувањето од РСМ МВР БЈБ СВР ПС ОН Велес рег.бр.22.23.5.1-69-764/2 од 16.09.2024 година во кое е наведено дека извршиле проверка за живеалиште за противникот-должникот на пријавената адреса ул.Лазо Трпковски бр.5 при што од изврешната проверка на терен имале сознание дека истиот живее надвор од територијата на РСМ во Франција на за нив непозната адреса ,а во нивната евиденција го нема одјавено

живеалиштето на горе наведената адреса и нема пријавено друга адреса на живеење и престој, лицето не е достапно на органите на прогон,ги отповика процесното решение на записник од 15.04.2024 година на Основен суд Велес ВПП2.бр.15/24 од 15.04.2024 година заради определување на старател во посебен случај на противникот-должникот, како и Решението на ЈУМ ЦСР Велес бр.1002-418 од 22.04.2024 година со кое за старател во посебен случај на лицето Зоре Арсовски од Велес, е одредена Зорица Босилкова, вработена во ЈУМ ЦСР Велес,судот согласно чл.76 ст.2 т.4, а в.в. со чл.33 ст.1 од ЗВП,а за привремен застапник на противникот, во постапката ВПП2.бр.39/24 го назначи адвокат Горан Николовски од Велес, па предвид на сето погоре изнесено, судот одлучи како во изрека на решението.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, ВПП2.бр.39/24 од 16.09.2024 година

С у д и ј а
Лорета Тодорова

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа решение
незадоволна странка нема право на посебна жалба.

ДН:
за предлагачот - полномошник адвокат Петар Ефремов од Велес
за противникот - привремен застапник адвокат Горан Николовски од Велес
ЈУМ ЦСР Велес
Оглас на огласна табла на судот и на веб страната на судот
Оглас во Сл. Весник на РСМ